


Сектор за финансиско управување во НЛБ Банка го зајакнува својот тим на успешни професионалци и нуди можност за работење во Служба за финансиска оператива.

Доколку имаш желба и амбиција да се приклучиш на тимот, Секторот за финансиско управување нуди можност за зајакнување на својот тим на успешни професионалци и те мотивираме да се пријавиш на отворената работна позиција:

# Соработник за сметководство/ оператива во Сектор за финансиско управување

**Улога во тимот:**

- Управување со влезна документација, евиденција и плаќање на обврските на Банката по основ на користени добра и услуги согласно МСС и стандардите прифатени во РС Македонија;
- Примена на моделот на примарна евиденција на оперативните трошоци на Банката (OPEX) и инвестиции (CAPEX) согласно законска регулатива и реалокација согласно интерните политики и политиките на НЛБ Групацијата;
- Подготовка прегледи/извештаи од областа на трошоците и инвестиции за потребите на одлучување на Банката, НЛБ Групацијата и надворешни институции;
- Примена на законска регулатива од даночната област, примена на Политика на даночен штит, даночен консалтинг во Банката, подготовка на прегледи/извештаи од даночна област;
- Комуникација со членките на НЛБ Групацијата по однос на побарувања, обврски и трошоци по интерни односи;
- Комуникација со надворешни институции Управа за јавни приходи, НБРМ и други органи и институции.

**Потребни квалификации и компетенции:**

- Висока стручна подготовка (од економска насока);
- Познавање од областа на сметководствените стандарди и даночна област;
- Минимум 3 години работно искуство;
- Одлично познавање на MS Office - MS Excel и MS PowerPoint;
- Одлично познавање на англиски јазик;
- Изразени иницијатива, комуникациски и тимски способности, темелен пристап кон работата и спремност за промени.

**Твој мотив да ни се придружиш:**

- Препознатлив регионален бренд и современо работно опкружување;
- Меѓусебната доверба и грижа за другиот се основни начела во работењето;
- Напредна обука и индивидуален кариерен развој; менторство од врвни банкарски експерти;
- Позитивна организациска култура базирана на флексибилно работно време и слободни денови за различни пригоди;
- Континуирано учество во групациски корпоративни проекти;
- Конкурентен пакет на плата и надоместоци (вклучително приватно здравствено осигурување и трет пензиски фонд).

Потврди го твојот интерес со доставување на кратка биографија (CV) најдоцна до 08.02.2025 година на NLBKariera@nlb.mk со назнака за Виш референт за сметководство/оператива.

Само кандидатите кои ги исполнуваат основните критериуми ќе бидат контактирани за интервју.

NLB Banka